| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови | 112 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>На табла се запишани или истакнати преку проектор зборови со печатни латинични букви. Се читаат гласно и на табла неколку ученици дадените зборови ги запишуваат со ракописни латинични букви. Откриваат дека во некои зборови има букви кои не им се изучени и непознатата буква ја запишуваат со црвена боја.(печатна латиница)<br>*Aa, Ee, Oo, Jj, Cc, Č č , Mm, Ii, Tt, Nn, Ss,Vv, Kk, Ḱḱ*<br>*pismo, tajna, kapak, motika, denes, petka, Neda, Dime, Penka…*<br>Учениците откриваат дека ќе се изучуваат ракописните латинични бикви Pp и Dd.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br> <br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви.<br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови и куси реченици. | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>проектор<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник<br><br>црвена боичка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Pepi, pesna, petka, pop, topka, petok, spie, kopa, pečka..**<br>**Dosta, Dimko, denes, sedna, den, deca, voda, jade, nad ,...**<br>*Dedo Dimo pie voda.*<br>*Pande sedna na podot.*<br>*Kade mi se patikite?*<br>*Denes ḱe odime na posedok kaj  dedo Done.*<br>Читање на зборовите и речениците од таблата или тетратка од страна на учениците кои ќе завршат со пишување на зборовите и речениците.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците самостојно работат на дадена задача и проверуваат колку ги совладале изучените ракописни латинични букви(стр.106)<br>• Од следниве зборови состави реченици и напиши ги на ракописна латиница во својата тетратка.<br>**а)** донесе пајка. Давид<br>**б)** седи дедо. Дада дома со<br>**в)** само има Петко петки.<br>**г)** се вода. мие со чиста Даме<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со ракописни | 113 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците пишуваат во тетратка десет зборови по диктат со цел да се провери совладаноста на изучените ракописни букви.<br>*Aa, Ee, Oo, Jj,Cc,Čč, Mm, Ii, Tt, Nn, Ss, Vv, Kk, Ḱk, Dd, Pp*<br>***David, čovek, dete, kaseta, Mende, Nevena, Skopje, topka, cveḱe, devet***<br>Се запишуваат зборовите и на табла, а учениците прават проверка на своите познавања на изучените букви.<br>Учениците откриваат дека ќе се изучуваат ракописните латинични бикви Bb и Pp.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците преку гатанки ги откриваат новите букви<br><br>Приказни безброј<br>за внучиња знае<br>ги чува, храни<br>од радост сјае.(баба)<br><br>Без костум во река плива<br>во езера, океани,<br>но од мрежи и јадици<br>нема сила да се брани(риба)<br><br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето. | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | латинични букви | | Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви<br><br><br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови и куси реченици.<br>***Bojana, baba, basna, nebo, bonbona, bato, soba, ...***<br>***Robert, robot, riba, rid, Resen, Vardar, more, ribar...***<br>*Ribarot Riste e kraj rekata*<br>*Bistra beri borovinki.*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Хорово читање на текст заситен со изучените ракописни латинични букви.<br>Штафетно читање на текстот. Еден ученик започнува да го чита текстот. Потоа наставникот именува кој ученик да продолжи со читање. Учениците внимателно следат со цел да продолжат кога ќе го слушнат своето име.<br><br>Boban e radosen oti ima nov robot. So baba Cveta i dedo Čedo ḱe odat na rekata. Ḱe si ponese topka i tenis, a sekako i noviot robot. So niv ḱe dojde i nivnata sosetka Rebeka. Decata ḱe bidat radosni pokraj rekata.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Чита текст напишан со ракописни латинични букви<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја настан, лик, време, место | Одредува тема во прочитан литературен текст<br><br>Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст.<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки. | 114 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот преку презентација или претходно направен избор од интернет прикажува фотографии од овошни дрвја, а учениците ги препознаваат и именуваат овошните плодови.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текстот„ Колку боли навредата“ стр. 125.<br>Наставникот го чита првиот дел од текстот(означен со број 1) и преку прашања поверува колку учениците внимателно ја слушале содржината.<br>• Што имало на ридот?<br>• Како изгледала старата цреша?<br>• Какви гранки имала младата цреша?<br>Се чита вториот дел од текстот и повторно низ прашања се анализира прочитаната содржина.<br>• Што и рекла чавката на младата цреша?<br>• Како реагирала младата цреша на овие навредливи зборови?<br>• Што рекла старата цреша кога слушнала што зборува чавката за неа?<br>Прашања по третиот дел:<br>• Што ја запрашало ветрето чавката?<br>• Дали чавката ја сакала својата мајка?<br>• Каква била страта цреша во младоста? | презентација<br><br>компјутер<br><br>табла<br><br>тетратка<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува тема во текстот<br><br>Ги именува и дава опис на ликовите<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот<br><br>Хронолошки ги подредува настаните<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што се случило кога ветрето ја разнесе семката од јаболкницата?<br>По внимателно слушање на четвртиот дел учениците одговараат на прашањата:<br>• Што направила чавката кога го слушнала објаснувањето на ветрето?<br>• Дали чавката дознала зошто навредата боли повеќе од рана?<br>Читање на текстот од учениците и заедно се составува план:<br>1. Тема:<br>2. Време:<br>3. Место:<br>4. Ликови:<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците добиваат работен лист( во прилог со сценариото) со текстот каде настаните се претставени со измешан редослед. Тие треба внимателно да го прочитаат во себе и да го означат со соодветен број делот од текстот.<br>***Домашна работа****- За секој дел да напишат по една реченица во работниот лист*<br>Во времето за други активности или на часот по ликовно образование може да се црта расцутена јаболкница според дадени насоки од видео<br>**https://www.youtube.com/watch?v=aOZ0q4m_E4I**<br> | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови. | 115 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Анализа на домашната работа. Неколку ученици ги читаат речениците кои ги запишаа за секој дел од текстот.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Од прочитаните реченици учениците се насочуваат заеднички да изберат наслови за сите четири делови.<br>Насловите се запишуваат на таблата и учениците следат насоки како да го прераскажат расказот по делови.<br>Усно се прераскажуваат сите делови, а потоа се насочуваат самостојно писмено да го прераскажат текстот.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Читање на писмените состави и насоки за подобрување.<br>Учениците се искажуваат каде имале потешкотии при прераскажување(разговорот на ликовите)<br>Доколку учениците не ја имаат целосно завршено активноста, истата може да ја продолжат во времето на други активности(продолжен престој).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за | учебник<br><br>тетратка за домашна работа<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Прераскажува познат текст по зададен/ сопствен план со употреба на свои зборови<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови<br><br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драмски текст,<br>песна | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна<br>стих,<br>строфа,<br>рима | 116 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се наредени во круг и треба да продолжат по една реченица која ја започнува наставникот.<br>• Мојата мајка има убава...<br>• Кај мојата мајка ми се допаѓа тоа што...<br>• Мајка ми често ме советува за...<br>• И помагам на мама во...<br>• Со мама сакам да правам/одим...<br>• Мајка ми ми прави најубави...<br>• На мама ѝ подарив за роденден...<br>• Мојата мајка работи како...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат изразно читање на поетска творба„Подарок за мама“ стр. 124.<br>Одговараат на прашања поврзани со содржината на песната:<br>• Кој празник се опејува во песната?<br>• Кога е празникот на мајката?<br>• Дали само еден ден треба да искажуваме љубов и почит кон својата мајка?<br>• Што сака да ѝ подари детето на мајка си за празникот? | учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае карактеристиките на поетска творба(стих, строфа, рима)<br><br>Определува основен мотив<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците ја читаат песната, откриваат од колку стихови е составена, пронаоѓаат римувани зборови(само-мамо) и се насочуваат да откријат што ќе направи детето за да ѝ го честита празникот на мајката:<br>- Сина темјанушка<br>- Ластовичини крилја<br>- Глас на славејче<br>- Виножито и ѕвезди<br>- Венец од цвеќиња наречен СРЕЌА<br>- Венец сплетен со љубов и желби<br>Учениците запишуваат во своите тетратки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Песната се чита во парови со насоки за усогласување на читањето на учениците во парот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | Пишува куси текстови со различна намена (честитка, СМС порака, известување). | 117 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците рецитираат стихови за мајката кои претходно ги имаат добиено за меморирање во чест на меѓународниот ден на жената.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива задача да напише:<br>• Честитка за мајката;<br>• СМС порака со која честитаат празник на мајката<br>• Известување за приредба во чест на празникот на жената<br>**1 група** - На А4 лист изработуваат честитка за мајката притоа треба да внимаваат на правилна примена на правописни правила<br>*Ти си ѕвезда со најубав сјај,*<br>*нежен цвет расцутен во мај.*<br>*Во прегратка твоја топлина ме грее*<br>*љубов бескрајна од тебе се лее.*<br>*Среќен празник мила мамо!*<br>**2 група** - Да состават СМС порака со која честитаат празник на мајката и да изберат соодветен емотикон. Цртаат телефон на А4 лист и ја внесуваат пораката која заедно ја составуваат.<br>Истата ја запишуваат и на таблет/мобилен и избираат соодветен емотикон или гиф. | работен лист<br>тетратка<br>детски лаптоп<br>компјутер<br>таблет<br>хартија во боја<br>колаж хартија<br>маркери<br>фломастери<br>А4 лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Пишува краток текст во честитк<br>Пишува кратка СМС порака<br>Пишува известување за настан<br>Применува изучени правиписни правила |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **3 група -** Пишуваат известување за приредба во чест на празникот на жената која ќе се изведува во училницата. Следат насоки што да содржи известувањето и го запишуваат на А4 лист.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Сите изработки, секоја од групите, ги чита и презентира пред одделението, се коментира содржината и се дава повратна информација од наставникот за почитувањето на правописните правила.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Идентификува конкретни именки во дадена реченица.<br><br>Идентификува **општи** и сопствени именки во даден текст | 118 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците добиваат насоки да избираат предмет од училницата/училишен прибор...и да го именуваат. Можат да именуваат и предмет/ појава/суштество кои не се наоѓаат во училницата.<br>Именуваните предмети се запишуваат и на таблата, а учениците во своите тетратки.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците одговарат на прашања:<br>• Што се именува со зборовите што ги напишавме?<br>• Со зборот **маче** се именува домашно животно.<br>• Со зборот **клупа** се именува предмет во училницата<br>• Со зборот **јаболко** се именува овошје.<br>• Со зборот **велосипед** се именува превозно средство.<br>• Со зборот **ветер** се именува природна појава.<br>Се изведува заклучок за именуваните зборови и поимот именки.<br>ИМЕНКИ се зборови што именуваат суштества, предмети, појави или нешто што чувствуваме или замислуваме.<br>Учениците изведуваат активности по насоки од наставник.<br>• Подигнете ги вашите моливи. | табла<br><br>предмети од<br><br>училницата<br><br>работен лист<br><br>тетратка<br><br>компјутер | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава и употребува општи(конкретни именки во усното и писменото изразување<br><br>Знае дека општите именки се пишуваат со мала буква<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |

- Дали се исти?

Учениците се искажуваат дека се различни по боја, форма големина, материјал од кој се изработени, но општо име за сите нив е молив и имаат иста функција(пишување).

На ист начин се откриваат и други предмети, појави или суштества и се изведува заклучок дека именуваните предмети, суштества имаат заеднички, општи карактеристики. Овие именки се викаат ОПШТИ ИМЕНКИ.

ОПШТИ ИМЕНКИ се зборови што именуваат суштества или предмети што имаат заеднички, општи карактеристики.

Откриваат дека сите именки се запишани со мала буква и се запознаваат со правописот на општите именки.

Во работен лист во табела запишуваат различни општи именки.

| животно | растение | предмет | појава |
|---|---|---|---|
| куче | дрво | стол | ветер |
| птица | лале | ваза | дожд |

**Завршни активности – изведување заклучок**

Учениците запишуваат по 2-3 реченици со примена на општи именки од табелата и гласно ги читаат со нагласување на именките кои ги употребиле.

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви)</td>
<td>Идентификува општи и сопствени именки во даден текст</td>
<td>119</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците преку гатанки вежбаат именување и откривање на општи именки.
<table>
<tr><td>Мајмуните најмногу<br>со нив се sладат,<br>а пак кај нас децата<br>најмногу ги јадат.<br>(банани)</td><td>Најдобар е другар<br>и за пример служи,<br>најумен е оној<br>кој со неа се дружи.<br>(книга)</td></tr>
<tr><td>Тој е чуден дедо,<br>мед и круши сака<br>ама штом ги нема,<br>многу му е мака.<br>(мечка)</td><td>Безбојна е, бистра,<br>студена и чиста,<br>со неа се миеме,<br>секој ден ја пиеме.<br>(вода)</td></tr>
</table>
Се искажуваат за општи именки и правопис-пишување со мала буква.<br>Главен дел – искуствено учење<br>На презентација се истакнуваат неколку реченици, а учениците добиваат работен лист со истите реченици. Се откриваат општите именки и се потцртуваат со сина боичка.<br>Потоа се поведува разговор за зборовите со кои се именуваат лица, градови, реки и се изведува заклучок дека со нив се именуваат единични предмети и суштества и се викаат сопствени именки.<br>Сопствените именки секогаш се пишуваат со голема</td>
<td>табла<br><br>презентација<br><br>работен лист<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>учебник<br><br>сина и жолта<br><br>боичка<br><br>проектор<br><br>ДА- НЕ картички</td>
<td>Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава и употребува сопствени именки во реченици<br><br>Знае дека сопствените именки се пишуваат со голема буква<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

буква.

Учениците ги заокружуваат сопствените именки во речениците.

- Јана живее во градот Битола.
- Кучето на Злате се вика Шарко.
- Реката Вардар е најголема река во Македонија.
- Ја читам книгата„ Зоки Поки“.

Учениците во работен лист имаат задача да обојуваат именки - сопствени именки со жолта, а општите именки со зелена боичка.

Преку проектор се покажува табелата и заедно со учениците се покажува како правилно треба да биде обоено.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Горан | топка | Вардар | езеро | убава |
| јајце | спие | улица | ноќ | јас |
| жолт | Франција | пее | трча | Штип |

Запишуваат 2-3 реченици со примена на сопствени именки.

**Завршни активности – изведување заклучок**

**Квиз игри** со „ДА-НЕ“ картички

Именката Соња е општа именка. Учениците подигаат картичка со зборот НЕ...

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Препознава род и број кај именките. | 120 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат како се викаат животните на сликата(коњ, кобила и ждребе).<br><br>Се искажуваат дека зборовите со кои се именуваат овие домашни животни се – именки. Откриваат дека се разликуваат меѓу себе. Коњот е мажјак, кобилата е женка, а ждребето е нивна рожба - младенче.<br>Се запознаваат дека именката коњ е од машки род, именката кобила од женски род, а именката ждребе од среден род.<br>Се повторува и пример со предмети за да препознаат род кај именките.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат пред себе да извадат- молив, режало и тетратка.<br>• Кој од овие предмети ќе биде именка во машки род?<br>• Како може тоа да го откриеме?<br>• На кој род му припаѓаат именките гума и режало?<br>молив- тој молив, таа молив или тоа молив?<br>гума - тој гума, таа гума или тоа гума?<br>режало - тој режало, таа режало или тоа режало? | табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>работен лист<br><br>тетратка<br><br>предмети од<br><br>училишен прибор<br><br>учебник<br><br>линијар | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава род кај именките<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

Учениците изведуваат заклучок дека дека кај секоја именка може да се одреди нејзиниот род со помош на зборовите(тој/овој, таа/оваа, тоа/ова)
Забележуваат табела во која запишуваат именки од секој род.

| **машки род** тој или овој | **женски род** таа или оваа | **среден род** тоа или ова |
|---|---|---|
| Менде | Симона | село |
| стол | маса | јајце |
| лимон | банана | пиле |
| мајмун | мечка | цвеќе |

Учениците следат насоки самостојно да пишуваат реченици со примена на именки од различен род. Се насочуваат прво да ја изберат именка од соодветнот род ,а потоа да ја состават и напишат реченицата. Ја потцртуваат именката во реченицата
1.Напиши реченица во која ќе употребиш именка од:

- машки род - Миле спие.
- две именки од женски род - Јасмина пишува во тетратката.
- именки од сите три рода – Весна го шета своето куче во паркот.

**Завршни активности – изведување заклучок**

Учениците ги читаат речениците и се искажуваат за родот на именките кои ги искористиле во речениците.
Следат насоки за домашна работа.
*Пронајди ги и потцртај ги именките во басната „Кучето и петелот“. (стр.133)Во табела со три колони машки, женски и среден род распореди ги потцртаните именки во точната колона.*

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови зборови во реченица (именки, глаголи, придавки, броеви) | Препознава род и **број** кај именките. | 121 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат што гледаат на сликата истакната во учебникот стр. 134.<br><br><br>Забележуваат едно дете со книга на лева страна и три деца со книга на десната страна.<br>Запишуваат едно дете - три деца<br>една книга – три книги<br>и се поведува дискусија за разликата меѓу именките дете- деца, книга – книги<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се запознаваат со бројот кај именките:<br>-Зборот дете е именка од среден род.<br>• Зборот дете е во еднина и станува збор за едно лице( едно суштество).<br>• Зборот деца е во множина, бидејќи станува збор за повеќе од едно дете.<br>-Зборот книга е именка од женски род.<br>• Зборот книга е во еднина, бидејќи станува збор за еден предмет.<br>• Зборот книги е во множина, бидејќи станува збор за повеќе од една книга<br>Се изведуваат заклучоци за број кај именките | табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>работен лист<br><br>тетратка<br><br>учебник<br><br>линијар | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава број кај именките<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување на заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

- Ако со именката се именува само еден предмет или само едно суштество, таа е во ЕДНИНА.
- Ако со именката се именуваат повеќе предмети или суштества, таа е во МНОЖИНА.

Учениците во табела запишуваат именки во еднина и множина.

| БРОЈ КАЈ ИМЕНКИТЕ | |
|---|---|
| ЕДНИНА | МНОЖИНА |
| ученик | ученици |
| рака | раце |
| молив | |
| | луѓе |
| куче | |
| | пилиња |
| стан | |

Учениците следат насоки самостојно да пишуваат реченици со примена на именки во еднина и множина.

1. Јасмина јади јагоди.
2. Во реката пливаат риби...

**Завршни активности – изведување заклучок**

Учениците ги читаат речениците и се искажуваат за именките – која именка е во еднина, а која во множина.

*Насоки за домашна работа:*

*Да повторат за именки(општи, сопствени, род и број) преку пополнување на работен лист( Предлог- Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина стр. 47)*

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Користење мобилен телефон (паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред, икони, емотикони | Објаснува (преку пример)зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите. | 122 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за примената на апликациите што се дел од паметните уреди телефони, таблети.<br>❖ разговараме по телефон<br>❖ испраќаме пораки<br>❖ гледаме колку е часот<br>❖ гледаме датуми и денови на календарот,<br>❖ фотографираме или снимаме,<br>❖ ги зачувуваме тие фотографии,снимки,<br>❖ слушаме музика, гледаме видеоснимки,<br>❖ играме игри...<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• На кој начин може да ги заштитиме податоците што ги имаме во нашиот мобилен телефон?<br>• Зошто треба да ги заштитиме податоците што се во нашите уреди?<br>• Кој треба да има пристап до нашиот паметен уред?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>На учениците им се презентира ситуација во која се злоупотребува туѓ мобилен телефонот за испраќање несоодветни пораки на други (пример од учебник стр.170 или сличен пример) | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Наведува примери зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите.<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *На големиот одмор Денис го зеде мобилниот телефон на Ева и ја принуди да му ја каже лозинката. Таа одбиваше, но тој и се закани дека ќе измисли некоја „приказна“ за неа и ќе ја каже пред целото одделение за да ја посрамоти. Ева се исплаши и плачејќи му ја кажа лозинката на Денис.*<br>Учениците одговараат на прашања:<br>• Зошто Денис сакал да ја знае лозинката од телефонот на Ева?<br>• Како ја оценуваш неговата постапка"<br>• Како би се чувствувал/а ако си на местото на Ева?<br>• Што би направил/а?<br>*Телефонот на Ева, Денис го даде на својата другарка Лејла. Лејла почна да ѝ пишува пораки со навредлива содржина на Јасна, најдобрата другарка на Ева. Јасна ги чита пораките и плаче, мислејџи дека тие пораки се од нејзината најдобра другарка Ева.*<br>• Како ја оценуваш постапката на Лејла?<br>Учениците во групи се насочуваат да се искажат за можните последици од постапката на Денис и на Лејла. Тие треба да забележат :<br>• Зошто Ева ја дала лозинката?<br>• За што била употребена од Денис и Лејла?<br>• Како тоа ѝ наштетило на Ева?<br>• Како уште можел да се искористи телефонот за да ѝ се наштети на детето?<br>• Како треба да постапи Ева во оваа ситуација?<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги презентираат своите размислувања во групите. Се изведуваат заклучоци дека со откривање на сопствената лозинка се нарушува правото на приватност на детето и се овозможува злоупотреба на телефонот за да му се наштети на самото дете. Но, се прави штета и на | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | други.<br>Задолжително за оваа ситуација мора да се разговара со возрасно лице- наставник, родител, стручна служба.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Користење мобилен телефон (паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред, икони, емотикони | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорна и неодговорна комуникација преку мобилен телефон(преку разговор или пораки). | 123 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците во парови читаат два дијалози - стр. 171<br><u>Прв дијалог</u>: Разговор помеѓу Софи и Максим преку пишување на пораки во кои се договараат за да следат театарска претстава„ Петар Пан“.<br><u>Втор дијалог</u>: Пишување на пораки помеѓу момче и девојче.<br>Се насочуваат да го читаат дијалогот со соодветна интонација.<br>Се поведува дискусија во кој дијалог според сликите и писмените описи станува збор за одговорна, а во кој за неодговорна комуникација.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со описи на комуникација преку пораки на мобилен телефон, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одговорна, а кои на неодговорна комуникација.<br>1. Ана пишува погрдни коментари за други кога мисли дека го заслужиле тоа. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>2. Анета не споделува доверливи информации за другите преку пораки. (Очекуван одговор: Одговорно) | компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Наведува примери за разликата меѓу одговорна и неодговорна комуникација преку мобилен телефон<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. Александар не се смета себе си за виновен доколку на Марко му притил порака што е навредлива за Иван. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>4. Арта смета дека може да напише што сака за некој друг доколку не го наведе неговото/нејзиното име во пораката. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>5. Агим не пишува навредливи работи за другите дури и тогаш кога сака да се шегува со нив. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>6. Атиџе не пишува во порака нешто што не е соодветно да му го каже некому во лице. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>Презентација од групите, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор.<br>**Завршни активности – изведување заклучок.**<br>Преку дискусија се изведуваат заклучоци дека споделувањето пораки што навредуваат и критикуваат некого или содржат доверливи информации за некого претставува неодговорна комуникација затоа што го повредува оној на кого се однесува, без оглед на тоа дали пораката ќе стигне до него и/или ќе ја дознаат други на кои не им е наменета.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја , настан, лик, време, место | Одредува тема во прочитан литературен текст<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки | 124 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се насочуваат да откријат кој поим се крие во гатанката која ја добиваат на работен лист со простор за илустрирање на одговорот.<br>Нема труба, а дува.<br>Нема тапан, а чука.<br>Нема кавал, а свири.<br>Не го викаш, а е тука.<br>_ _ _ _ _<br><br>Со техника ГРОЗД се искажуваат за некои особини на ветерот и се запишуваат на табла, а учениците во тетратка(дува, разнесува, силен, студен, палав, бесен, пролетен, Развигор, Северко...)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на изразно читање на текст„ Кога ветрето се налути“ стр.120. Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот:<br>• За што се зборува во текстот?<br>• Каде живеело немирното ветре?<br>• Што го загрижило едно утро?<br>• Зошто градот бил во темнина? | работен лист<br><br>боички<br><br>компјутер<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува тема во прочитан литературен текст<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • За што разговарал со возачите?<br>• А како го решил проблемот со фабриките и домовите?<br>• Зошто биле радосни луѓето?<br>• Како се чуствувале мајката и таткото на ветрето?<br>Учениците се насочуваат на читање на текстот и заедно се одредуваат деловите(воведен, главен и завршен дел од текстот).<br>При читањето низ насочени прашања се извлекува реченица која се однесува на прочитаната содржина.<br>Учениците во работен лист запишуваат:<br>1. Тема:<br>2. Време:<br>3. Место:<br>4. Содржина:<br>а) Воведен дел:<br>б) Главен дел:<br>в)Завршен дел:<br>5. Порака:<br>**Завршни активности – изведување заклучок.**<br>Се поведува дискусија за пораката од текстот преку прашање:<br>Како ја сфаќате мислата- Какви родители – такви деца?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки. | 125 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Преку квиз прашања се проверува колку учениците добро ја знаат содржината на текстот„ Кога ветрето се налути“.<br>Секој ученик има пред себе ДА/НЕ картички и ја подига соодветната картичка во зависност од исказот.<br>• Во текстот главен лик е малото облаче.(ДА/НЕ)<br>• Покрај реката живееше немирното ветре.(ДА/НЕ)<br>• Ветрето беше загрижено за градот. (ДА/НЕ)<br>• Ветрето ги пофали возачите дека се возат со велосипеди .(ДА/НЕ)<br>• Ветрето го растера чадот и донесе чист воздух во градот .(ДА/НЕ)<br>• Дедовците и бабите го навредуваа ветрето. (ДА/НЕ)<br>• Мајката му рекла да биде праведен, а не некој лош и никаков ветар. (ДА/НЕ)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците го читаат текстот за да се потсетат на содржината.<br>Усно, низ насочени прашања, прават опис на ликовите кои ги сретнаа во текстот: ветрето, неговите родители, | ДА – НЕ картички<br>работен лист<br><br>боички<br><br>компјутер<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Го опишува изгледот на ликовите<br><br>Објаснува особини на ликови преку нивните постапки<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | возачите, бабите и дедовците.<br>• Какви особини имало ветерето?<br>• Како ги замислувате неговите родители?<br>• Како се однесувале тие кон него?<br>• Што мислите за размислувањата на возачите на автомобилите?<br>• Како се чувствувало ветрето кога бабите и дедовците зборувале убаво за него?<br>• Зошто биле горди родителите на ветрето?<br>Секој ученик добива работен лист со техника „ Ѕвезда на приказната“<br>По дадени насоки запишуваат во работнот лист, а потоа усно ги образложуваат своите одговори.<br><br><br>**Завршни активности – изведување заклучок.**<br>Учениците добиваат хартиена лента на која можат да испишат една реченица.<br>• Што ми се допадна во текстот„Кога ветрето се налути“<br>Мене ми се допадна .... | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

СЦЕНАРИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА МАРТ

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Усно и писмено изразување итворење</td><td>Твори нов текст со измена на определени делови на прочитан литературен текст</td><td>126</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се искажуваат за годишните времиња според дадена слика.<br><br>• Која слика го преставува годишното време зима?<br>• Што е карактеристично за времето во зима?<br>• Кој ден од месец март сме денес?<br>• Дали знаете што се случува на 21 март?<br>Учениците се искажуваат дека на 21 март започнува пролетта. Наставникот ги запознава и со поимот пролетна рамноденица, еднакво траење на денот и ноќта.<br>• Како би ја опишале пролетта? Со кои бои би ја сликале на час по ликовно?<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците слушаат писмен состав за пролет и се запознаваат со карактеристиките на пролетта и како таа е опишана во составот.(„Земја на лажговците“ од Ненад Џамбазов.<br>Се насочуваат по даден план да напишат краток состав за „Пролетен повик“<br>1. Весниците ја најавија пролетта.</td><td>компјутер<br><br>проектор<br><br>табла<br><br>учебник<br><br>работен лист<br><br>тетратка</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Твори нов текст со измена на определени делови на прочитан литературен текст<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2. Баба Марта со триста умишта.<br>3. Песната на птиците ја буди природата.<br>4. Топлото ветре ги повикува децата на игра.<br>Учениците самостојо пишуваат краток текст за пролетта. Добиваат насоки при пишувањето за да се пресретнат навремено некои грешки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок.**<br>Читање на писмените состави и насоки за коригирање доколку има потреба. По извршените корекции се насочуваат учениците за домашна работа да го препишат писмениот состав или да го доврзат според дадените насоки.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

**НИ ДОЈДЕ ЦВЕТНАТА ПРОЛЕТ**
(од мојата тетратка по писмена работа)

Студените зимски денови се далеку зад нас. Пак ни дојде убавицата пролет. Кокичињата први го најавија нејзиното доаѓање. Ама Баба Марта не се предаваше лесно. Дувна во својата снежна труба и на земјата испрати нов снег. Но само кратко време траеше нејзината радост.

Сонцето како огромен златен портокал се појави на небото, а неговите топли сончеви зраци го стопија снегот. Бучат силно планинските поточиња, се буди животот во горите. Птиците преселници се вратија од јужните краишта. Нивните весели пролетни песни ги радуваат и младите и старите. Зеленее тревичката по падините и ливадите. Пролетните цвеќиња ја украсуваат природата со своето шаренило.

Тракторите пеат во нивите. Започнува пролетното орање, се кројат лозјата и овошките. Земјоделците се многу растрчани по родните ниви. Под пластеници се садат зеленчукови плодови како домати, пиперки, краставички. Времето не чека. Лебот на земјоделецот е натопен со девет кори на пот.

Топлата облека ја заменуваме со полесна, пролетна. Сонцето од ден на ден сé посилно грее. Многу луѓе за време на викендот пешачат во природа за да се надишат чист воздух. Дружењето со природата е многу корисно за здравјето. Прошетките минуваат со песни и радост. Природата е прекрасна во пролет. По падините, по планините пасат стада овци. Малите јагненца весело блеат. Топлото ветре развигорче пријатно поддувнува и им ги бушави косите на децата. Овчарчињата свират прекрасни песни на своите шупелки. Сé е радосно и расцветано во пролет. Пролетта е најубавото годишно време.

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови | 127 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Преку постер со ракописни латинични букви учениците се искажуваат кои букви ги имаат изучено.<br>*Aa, Ee, Oo, Jj, Cc, Č č, Mm, Ii, Tt, Nn, Ss, Vv, Kk, Ḱk, Dd, Pp, Bb, Rr*<br>На таблата се запишани неколку зборови на кирилица, а учениците треба да откријат во кои зборови се наоѓаат буквите кои ќе ги изучуваат на часот.<br>тетратка(tetratka), табла(tabla) јаболко, (*jabolko*), уста(usta)...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви<br><br><br>lale letalo<br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови и куси реченици.<br>*Lena, lale, livada, moliv, limon, ladno, lekar....* | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо.<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Usnija, ulica, ubava, usta, lule, muva, uvo, ...*<br>*Lenka ima ubava kukla.*<br>*Utre ke odime vo Bitola.*<br>*Leon trča so letaloto.*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците се насочуваат самостојно да состават неколку зборови со новите букви. Со зборовите потоа пишуваат 2 реченици и ги споделуваат со гласно читање со другите ученици.<br>Другите ученици треба да откријат во кои зборови ги употребиле новите букви.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | За секоја печатна латинична буква ја идентификува соодветната ракописна латинична буква.<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните латинични букви со соодветните гласови<br><br>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со ракописни | 128 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците во парови добиваат насоки да запишат што повеќе зборови во кои ќе ги употребат буквите Гг и Ѓѓ. Времето е ограничено на 2 минути.<br>Секој пар ги чита зборовите, а наставникот ги запишува на табла со ракописни букви од кирилицата.<br>Се откриваат зборови кои можат да ги пишуваат со ракописни букви од латиницата на часот бидејќи сите букви во тие зборови се изучени.<br>Пр. гулаб(gulab), глава(glava), ѓердан (ǵerdan), Ǵorǵi...<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат демонстрација на изведување на ракописната латинична буква од печатната и ја воочуваат разликата во пишувањето.<br>Вежбаат пишување на новите ракописни латинични букви<br><br>Учениците вежбаат поврзување на новите букви во зборови.<br>Ǵorǵi, ǵevrek, luǵe, Gevgelija, gostin, grav, glava, noga, ǵule, veǵa. ǵubre, ǵum, golman, gore, ǵezve, Gordana.... | постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>штоперица<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги поврзува соодветните печатни со ракописни латинични букви<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични ракописни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи ракописни букви од латиничното писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | латинични букви | | Учениците читаат текст напишан со печатни латинични букви. Добиваат насоки да го препишат со ракописни латинични букви.(*Предлог од Вежбанка по македонски јазик за трето одделение од Арс Ламина стр.35*)<br>Dedo Dimo e na selo. Sekoe utro gleda kako rastat domatite i piperkite.<br>Ponedelnik ḱe doaǵaat na gosti Dimitar i Ǵorǵina. Saka da gi nagosti so domašna salata. Dedo Dimo e domaḱin čovek.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Индивидуално читање на текстот напишан со ракописни латинични букви од тетратката.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Чита краток текст напишан со ракописни латинични букви<br>Домашна работа |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td><td>Препишува зборови, реченици и кус текст напишани со латинично печатно и ракописно писмо</td><td>129</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Преку постер со ракописни латинични букви се повторуваат изучените букви.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците добиваат работен лист и следат насоки за индивидуална работа.<br>1. Пишување на зборови по диктат со ракописни латинични букви<br>ѓердан, Гордана, Билјана, шишарка, вода, тетратка, лубеница, Светлана, Ресен, месечина<br>2. Препиши ги речениците со ракописна латиница<br>a) Nevena ja poleva gradinata. b) Robert raboti vo Prilep.<br>c) Dedo nabra polno slivi. d) Jovanka i Laste se brat i sestra.<br>e) Lenče jade jagodi i lubenica. f) Darko ima darba da sviri i pee.<br>3. Индивидуално гласно читање на текстот„ Na lekar“ стр.110</td><td>постер со ракописни букви од кирилица<br><br>постер со ракописни букви од латиницата<br><br>работен лист<br><br>тетратка<br><br>табла/бела табла<br><br>маркер за бела табла<br><br>креда<br><br>учебник</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препишува зборови, реченици и кус текст напишани со латинично печатно и ракописно писмо<br><br>Чита краток текст напишан со ракописни латинични букви<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Na lekar**<br>Loreta e bolna. Ja boli grloto. Ja boli i glavata. So svojot tatko otidoa na lekar. Lekarot ja pregleda i reče deka treba mnogu da se odmora. Reče i deka treba redovno da pie čaj, cedeni sokovi i vitamini i da jade mnogu supa.<br>Loreta se raduva. Nema da pie nitu sirup, nitu lekovi, a ne dobi nitu injekcii.<br>Учениците се следат на сите задачи. Штом ученикот заврши со читање на текстот може да го препишува текстот на ракописно латница со убав и читлив ракопис.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги предаваат тетратките за прегледување.<br>Се искажуваат дали имаат и на која задача имаат потешкотии во работата.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови | 130 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците за домашна работа имаат задача да го прочитаат два пати текстот„ Чесен збор“ стр. 94 и да се запознаат со содржината.<br>Преку прашање се проверува совладаноста на содржината:<br>• Зошто Марко и татко му оделе по продавници?<br>• Каков подарок ѝ купиле на бабата?<br>• Во каква хартија бил спакован подарокот?<br>• Што го замолил таткото да направи Марко?<br>• Какво ветување дал Марко на својот татко?<br>• Колку долго успеал да го одржи ветувањето? Зошто?<br>• Што му рекла бабата на Марко кога дознала каков подарок ѝ купиле за роденден?<br>• Која е пораката од овој текст?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците го читаат текстот по делови и по дадени насоки усно се прераскажува содржината. Посебно се нагласува да внимаваат на прераскажувањето<br>**тргнаа- тргнале, купија – купиле**<br>1 дел<br>*Марко и неговиот татко тргнале по продавници за да ѝ купат подарок на неговата баба за роденден.* | учебник<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Прераскажува текст по даден план<br><br>Ги почитува правописните правила<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Разгледувале секакви подароци и одлучиле да ѝ купат топли црвени влечки. Подарокот го завиткале во шарена хартија и се упатиле кон својот дом.*<br>По усно прераскажување на секој дел, наставникот запишува план кој ќе ги води учениците при писмено прераскажување.<br>1 дел- Воведен дел<br>- Марко и татко му одат по продавници.<br>- Избор на подарок за бабата.<br>- Спакован подарок во шарена хартија.<br>2 дел- Главен дел<br>- Договор помеѓу Марко и неговиот татко.<br>- Марко дава чесен збор.<br>3 дел- Завршен дел<br>- Погледот на бабата кон Марко.<br>- Марко не успеа да го одржи дадениот збор.<br>- Насмената баба.<br>Учениците самостојно го прераскажуваат текстот. По прераскажување на секој дел наставникот прави проверка и дава насоки за продолжување на вториот и третиот дел со цел да се пресретнат грешки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги читаат своите писмени прераскажувања. Се прават анализи на содржината и се даваат насоки за подобрување или доршување на писмениот состав.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува настан од секојдневниот живот инспирирани од литературен текст. | 131 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се изкажуваат по прашањето:<br>• Што значи да се даде чесен збор?<br>• Што ќе се случи ако не го одржиш даденото ветување?<br>• Дали се дава чесен збор дека нема да се кажува ако сме сведоци на некоја случка во која има недозволени работи (се прави штета на личност, имот и сл)? Зошто?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат да размислат дали имале слични случки како во текстот „ Чесен збор“ во која не го одржале дадениот збор.<br>Учениците усно се искажуваат, а потоа писмено раскажуваат за случката по дадени насоки.<br>Доколку немаат таква случка, се насочуваат да раскажат по аналогија на текстот„ Чесен збор“ како купувале подарок за некој член од семејството и како го изненадлиле.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги читаат своите писмени раскази. Се прават анализи на содржината и се даваат насоки за подобрување или доврשување на писмениот состав.<br>**Рефлексија** | учебник<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува доживеан настан инспириран од литературен текст<br><br>Ги почитува правописните правила<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Todoровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Читање со разбирање | Одговара на едноставни прашања во врска со информации дадени во текст, табела, графикон и мапа | 132 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците следат изразно читање на песната „ Ние на маратон“ стр. 135 и одговараат на прашања поврзани со содржината:<br>• Што значи зборот маратон?<br>• Кој ќе учествува на него?<br>• Како се подготвиле детето и неговата мајка за маратонот?<br>• Зошто имале бројчиња и амблем на маичките?<br>• Кое е олимпиското правило кое треба да се почитува?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Преку прожектор се истакнува содржината на која ќе работат учениците индивидуално во работен лист(предлог учебник стр. 137-140)<br><br><br>Учениците читаат информации од постер и одговараат на поставените прашања. (стр.137).Одговараат со целосни реченици или прават избор од понудени одговори.<br>• Какви информации добиваме од постерот?<br>• Кој има право на учество? | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>учебник<br>тетратка<br>работен лист | Одговор на едноставни прашања во врска со информации дадени во текст, табела, графикон и мапа<br>Учество во изведување заклучоци<br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • До кога треба да се пријават за учество заинтересираните учесници?<br>• Што ќе добијат првите тројца учесници?<br>• Од каде ќе добијат повеќе информации ако учениците се заинтересираат за учество на ваков настан(пребарување на интернет)<br>Учениците разгледуваат мапа за патеката на трката и се искажуваат што откриваат од неа според дадените барања.<br><br><br>• Од која улица е стартот, а на која е целта на трката?<br>• Која е најдолга улица?<br>• Каде се наоѓа Градскиот стадион, а каде Олимпискиот базен?<br>• Колку изнесува должината на целата патека?<br><br><br>Се читаат постигнатите резултати, времето на трчање и освоените места.<br>Учениците самостојно ги запишуваат податоците од кружнот дијаграм.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Заедно се прави анализа колку учесници биле момчиња, а колку девојчиња и од која возраст се учесниците. Објаснуваат од каде ги читаат тие податоци.<br>Учениците прават ппроверка на сите графикони кои ги анализираа и изадуваат заклучок дали вкупниот број учесници е еднаков.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk